Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor**
**dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR
Арх.бр. УП1-15 452/2022

Дата: ............................
21 -03- 2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Велес се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земја) со моќност од 5 MW на КП 255, КП 256 и дел од КП 73/1, , КО Чалошево, Општина Велес.**
Површината на планскиот опфат изнесува 4.51 Ха.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y02222** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност од 5 MW на КП 255, КП 256 и дел од КП 73/1 во КО Чалошево, Општина Велес, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната при изградбата на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност од 5 MW на КП 255, КП 256 и дел од КП 73/1, КО Чалошево, Општина Велес, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконски акти донесени врз нива основа.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност од 5 MW на КП 255, КП 256 и дел од КП 73/1 во КО Чалошево, Општина Велес, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Велес, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 40247 од 30.12.2021 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земја) со моќност од 5 MW на КП 255, КП 256 и дел од КП 73/1, КО Чалошево, Општина Велес.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност од 5 MW на КП 255, КП 256 и дел од КП 73/1, КО Чалошево, Општина Велес и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 452/2022 од 08.03.2022 година.

Условите за планирање на просторот **за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земја) со моќност од 5 MW на КП 255, КП 256 и дел од КП 73/1, КО Чалошево, Општина Велес,** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
Shkup
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Раиф Сулејмани

Одобрил: Соња Фурнаџиска